| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Плодови на есента |
| **Содржина на денот** | Плодови есенски медени |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание и за обележаните делови во градинка,зошто мораме на нив да стоиме ,играме и седиме. Ако постојано ги миеме рацете ќе бидеме здрави и силни. |
| **Активности** | Забавувајте се со детето тако што ќе пуштите музика,ќе вежбате на истата,ќе го охрабрувате детето да игра, да не се срами и да се опушти.<br>Пуштете ја песничката „Јаболче и крувче” од детскиот фестивал „Златно славејче” 2010 год. Поттикнувајте го детето да игра по тактот на музиката. На видео снимката ,гледајте ги децата како играат и охрабрувајте го детето да ги повторува движењата.<br>Разговарајте за што станува збор во песничката. Донесете му на детето во чинија измиени јаболки и круши. Направете две множества –кругови од волнен конец или слично,и поттикнете го детето да ги класифицира, во едното јаболки, во другото круши. |